РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр.-Nr. 04 - 3274/6
25-11-2025 20
Скопје-Shkup

Врз основа на член 37 став (8), став (11) и став (12) од Законот за вработените во Министерство за одбрана („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.53/24), а во врска со член 10 од Правилникот за начинот на поднесување пријава за вработување во Министерството за одбрана, составот на Комисијата за избор, начинот на работа на Комисијата за избор, составување на ранг листи, бодување и избор на прворангиран кандидат („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.247/24), државниот секретар донесе

# ОДЛУКА

1. **НЕ СЕ ВРШИ ИЗБОР** за извршител на работното место:

**06. ОДБ0210Г02000 Референт за архивско работење, архивар и деловодител за водење на деловодни протоколи со сите степени на класификација, категорија Г, (1) извршител.**

2. Одлуката да се објави на ВЕБ страницата на Министерството за одбрана.

3. Одлуката влегува во сила со денот на конечноста.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на Комисијата за селекција и избор, одредена со Решение на Државниот секретар ОУ бр. 04 – 244/1 од 04.08.2025 година, на ден 17.11.2025 година, во просториите на Министерството за одбрана се спроведе административна селекција по Јавен оглас број 3/2025 за вработување на 6 (шест) лица во Министерството за одбрана на Република Северна Македонија, објавен на 30.07.2025 година на веб страната на_Министерството за одбрана и во дневните весници „Слободен печат" и „Коха" за работно место 06. ОДБ0210Г02000 Референт за архивско работење, архивар и деловодител за водење на деловодни протоколи со сите степени на класификација, категорија Г, (1) извршител.

Согласно записникот од спроведената прва фаза - административна селекција ОУ бр. 04 – 244/13 од 17.11.2025 година одржана на ден 17.11.2025 година, утврдено е дека за наведеното работно место се пријавиле 5 (пет) кандидати со идентификациски код ОДБ03001, ОДБ03002, ОДБ03003, ОДБ03005, ОДБ03006.

Од спроведената административна селекција, констатирано е дека од пријавените кандидати, 2 (двајца) кандидати со идентификациски код ОДБ03001 и ОДБ03002 се уредни и 3 (тројца) кандидати со идентификациски код ОДБ03003, ОДБ03005 и ОДБ03006 се неуредни.

На 19.11.2025 година Комисијата со уредните кандидати спроведе писмен испит (општ и посебен дел) и по извршеното бодување,состави ранг листа која е составен дел од Записникот од втора фаза – писмен испит ОУ бр. 04 – 244/25 од 20.11.2025 година. Постапката за селекција и избор завршува со втората фаза - писмен испит, од причина што ниту еден од пријавените кандидати не ја помина втората фаза – писмен испит и согласно наведеното нема кандидати со кои би се спровела третата фаза – интервју и од кои би се извршил избор. Согласно ова, за наведеното работно место не се врши избор и постапката за вработување запира.

Врз основа на горенаведеното се донесе одлука како во диспозитивот.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе жалба преку Министерството за одбрана до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на решението.

Изработила: Елена Иванова
Контролира/Одобрил: Ирена Станковска

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Елизабета Чуповска Ристова

Република Северна Македонија – Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Скопје – Shkup

Достава до:

-пријавени кандидати (електронска достава)
-Директорат за комуникации ( копија бр.1 за објава на ВЕБ страна на МО)
-Директорат за управување со човечки ресурси, образование и обука (копија бр.2)
-Архива (примерок бр.1)